**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-483/7**
**Скопје, 14.09.2006 година**

**До**
**Јавна Здравствена Организација**
**Републички Завод за трансфузиологија**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија за 2005 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, на финансиските извештаи на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Доц. Д-р Кочо Димитровски – В.Д. Директор на ЈЗУ Републички Завод за трансфузиологија

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во во периодот од 07.06–11.07.2006 година

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи и
   -дали се законски засновани побарувањата и обврските.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 21.08.2006 година, добиени се забелешки на претходен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈЗУ Републички завод за трансфузиологија заведени под број 204 од 09.08.2006 година. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1. Статутот не е усогласен со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл.весник број 10/04) и Законот за здравствено осигурување според кој се менува основачот на Републички завод за трансфузиологија од Собрание со Влада на РМ, а согласност на одредбите на Статутот дава Министерството за здравство, неизвршена промена на називот од Јавна здравствена организација во Јавна здравствена установа, како и неизвршено усогласување со членовите 68-70 од Законот за здравствено осигурување во однос на финансирањето на здравствените услуги. Ефектот од ваквата состојба има влијание на донесување на деловни одлуки.

**Препорака:**
Да се иницираат измени и усогласување на Статутот на Републички Завод за трансфузиологија од страна на Управниот одбор како управен орган заради усогласување на истиот со законските прописи.

11.1.2. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во натамошниот текст-ФЗОМ) за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Нерегулираните односи помеѓу ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија и ФЗОМ придонесува наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги од страна на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија.

**Препорака:**
ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија согласно одредбите од член 70 од Законот за здравствено осигурување и член 131 од Законот за здравствена заштита, односите со ФЗОМ за укажување на здравствена заштита на осигурениците да ги уредат со договор кој здравствената

установа задолжително ќе го почитува и ќе се придржува на договорените меѓусебни права и обврски.

11.1.3. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради неупатеност во законската регулатива, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон.

**Препорака:**
Директорот на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

11.1.4. При ревизија на благајничкото работење, беше констатирано непочитување на Одлуката за благајнички максимум, а кое овозможува пречекорување на лимитот за чување на парични средства во благајната, како и нередовно уплаќање на редовната жиро сметка на субјектот, спротивно на Законот за платен промет. Ефектот од горенаведената состојба може да претставува ризик во работењето со овие парични средства.

**Препорака:**
Управниот орган на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија да донесе нова Одлука за благајнички максимум имајќи го во предвид работењето на субјектот, каде се уплаќаат и повеќе средства во благајната од сега предвидениот лимит, а кој се должи на уплатите од приватните лица.

**11.2. *Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

11.2.1. Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги (партиципација) кои претставуваат приход на ФЗОМ не се уплатени во Фондот, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Поради неуплаќањето на средствата, Републички Завод за трансфузиологија на ден 31.12.2005 година има обврска кон Фондот по овој основ во износ од 2.455 илјади денари.

**Препорака:**
Средствата остварени од уплатено учество на осигурениците во здравствените услуги редовно да се уплатуваат во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, согласно законската регулатива.

**11.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба***

11.3.1. Позицијата Градежни објекти во износ од 28.951 илјади денари во Билансот на состојбата не е реално и објективно прикажана поради нерегулирана сопственоста на Републички Завод за Трансфузиологија, односно нема имотни листови, што е спротивно на Законот за сопственост и други стварни права. Ефектот од ваквата сосотојба влијае на објективноста на искажаните позиции во билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се покрене постапка за обезбедување на имотни листови (поседовни листови) за капиталните средства со кои располага Заводот.

11.3.2. Одредени позиции во Билансот на состојба меѓусебно не се усогласени, спротивно на чл.19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, согласно начелото на парично искажување, а поради пресметковна евиденција во минати години. При промена на сметководствената политика (преминувањето на друг начин на евиденција – буџетско сметководство) не е извршено усогласување на сметките. Непримената на законската регулатива и неизвршено усогласување на сметките има влијание на реално и објективно прикажани билансни позиции од финансиски извештаи.

**Препорака:**
Одговорниот работник за сметководствени работи на ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија да изврши усогласување на сметките од сметководствената евиденција кои меѓусебно кореспондираат, согласно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.3.3. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите, во делот на Обврски спрема добавувачите за нефактурирани стоки, материјали и услуги во Билансот на состојба евидентиран е износ од 6.867 илјади денари кој потекнува од минати години (1990 -1991 година), а кој се однесува на стоки (албумин) од стоковните резерви. Ревизијата не можеше да ја потврди вистинитоста и објективноста на оваа позиција, бидејќи истата не е опфатена со Извештајот од извршениот попис, спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што како ефект има влијание на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се преиспита основот за евидентирање на оваа позиција во Билансот на состојба, да се констатира со попис и да се превземат соодветни мерки.

11.3.4. По склучени цесии, пренесени се побарувањата од ЈЗУ Клинички центар Скопје, на Фондот за здравствено осигурување на РМ, во износ од 15.096 илјади денари, и воедно преценување на приходите и потценување на пасивните временски разграничува, што е спротивно на буџетскиот начин на евиденција. Ефектот од ваквата состојба има за резултат нереално искажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за смеетководство на буџетите и буџетските корисници во однос на евиденцијата во согласност со паричниот систем на искажување.

### *11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

#### *11.4.1. Направени расходи без претходно обезбедени средства со буџет и спротивно на законските прописи*

- ЈЗО Републички Завод за трансфузиологија набавува/нарачува лекови и медицински потрошен материјал, по групни набавки спроведени од страна на ФЗОМ поради постигнување на пониски цени на пазарот, за

кој нема склучено договор и не се утврдени потребните количини за набавка. Набавката од Републички Завод за трансфузиологија се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови и медицински материјали помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, кој не содржи податоци за количината на лекови и медицински материјали кои Заводот може да ги набави во тековната година, бидејќи нема ограничување во потрошувачката и следење на количината. За набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот. Со вака воспоставен начин на набавки на ЈЗО Републички Завод за трансфзиологија му се овозможува да врши набавки без ограничување, а со тоа да создава обврски кои ФЗОМ треба да ги подмири.

**Препорака:**
Групните јавни набавки да се спроведуваат по претходно склучен договор за групна набавка согласно член 13 од Законот за јавни набавки.

### *11.4.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

Во текот на 2005 година во однос на неприменување на постапките за јавни набавки беа утврдени следниве неправилности:
- Одржувањето на програмата за сметководствена евиденција и фактурирањето за потрошена електрична енергија, вода и ѓубретарина, е врз основа на склучени договори, кои не се обновени за тековната 2005 година;
- Не е спроведена постапка за јавна набавка во повеќе случаи (за сервисирање на компјутери, опрема, систем за контрола на пристап,) во вкупен износ од 433 илјади денари;

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од законот за Јавни набавки и иститe да се усогласуваат со законските одредби.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката **10.3.** финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на ЈЗО Републички завод за трансфузиологија на ден **31 декември 2005 година** и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од **10.1.,10.2. и 10.4**. кај ЈЗО Републички завод за трансфузиологија е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи заклучно со **31 декември 2005 година**.

14. Според наше мислење, освен за наодите изнесени во точките **10.3.3. и 10.3.4.** побарувањата и обврските со состојба на **31 декември 2005 година,** се законски засновани, согласно регулативата што важи во Република Македонија.

15. Во вонбилансната евиденција на Заводот евидентирана е опрема за производство на албумин, согласно склучениот договор помеѓу Републичкиот Завод за трансфузиологија и Бирото за стоковни резерви од 1983 година, со рок на важење од 10 години. Имајќи во предвид дека овој рок е поминат, а договорот не е

обновуван, секоја година Заводот ги известува Бирото за стоковни резерви и надлежното Министерство за финансии, за состојбата со опремата која веќе не е во употреба, како и за самиот производ кој има карактер на стратешки продукт. Со денот на вршењето на ревизијата одговор по доставеното известување немаше, а на мислење сме дека треба оваа состојба да се обелодени бидејќи станува збор на стратешка резерва за РМ, а се со цел да се имаат во предвид новите технолошки промени, како во опрема, така и во производство на албумин. Истотака евидентирана е и опрема за екологија дадена од Министерството за животна средина, која се чува кај субјектот. Треба да се напомене дека вредностите и на опремата за албумин и за екологија, утврдени се со одредена вредност која не можевме да ја потврдиме, поради што потребно е комисиски истата вредносно да се потврди, а не само количински.

16. При направеното интервју во однос на припремата на излезните фактури, а се со цел зголемување на ефективноста на вработените лица, потребно е да се смени концептот на работење, бидејќи со сегашниот воспоставен систем на изработка на фактурите има дуплирање на активностите.

***17. Прифатени и корегирани неправилности од страна на ЈЗО Републички завод за трансфузиологија во текот на ревизијата:***

- **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

  - Позицијата Други долгорочни обврски во Билансот на состојба е преценета за износ од 5 илјади денари, за кој износ е потценета позицијата Останат капитал, поради погрешна евидентирана хартија од вредност во сметководствената евиденција.
  - Позициите Ситен инвентар на залиха и Фонд на залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар во Билансот на состојба се преценети за износ од 35 илјади денари, за кој износ се потценети позициите Опрема и Деловен фонд, поради неправилно евидентирање на набавен ПП апарат.
  - Позициите материјали на залиха и фонд на залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар во Билансот на состојба се преценети за износ од 260 илјади денари, за кој износ се потценети позициите туѓи стоки на склад и обврски за примени туѓи стоки на склад, поради неправилна сметководствена евиденција на дадени кеси за крв со реверси на јавни здравствени установи.

  - Позициите државен јавен капитал и исправка на вредноста на опремата во Билансот на состојба се преценети за износ од 581 илјади денари, поради двапати пресметана амортизација на новонабавена опрема.

  За неправилностите во искажувањето на позициите од Билансот на состојба во текот на ревизијата пуштена е исправка за што на ревизијата и се дадени налози за спроведени корекции 63фд и 66фд од 30.06.2006 година.

**Скопје, 12.09.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Републички завод за трансфузиологија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 31.12.2005 година**

**во 000 Денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 76,536 | 70,088 |
| Капитални приходи | 475 | 0 |
| Трансфери и донации | 56,699 | 53,525 |
| **Вкупно приходи** | **133,710** | **123,613** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 44,925 | 42,832 |
| Стоки и услуги | 84,144 | 77,947 |
| Каматни плаќања | 1 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **129,070** | **120,779** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 4,129 | 1,741 |
| **Вкупно капитални расходи** | **4,129** | **1,741** |
| **Вкупно расходи** | **133,199** | **122,520** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **511** | **1,093** |

**Републички завод за трансфузиологија**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 472 | 893 |
| Хартии од вредност | 0 | 0 |
| Побарувања | 201,391 | 146,364 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 1,276 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 806 | 705 |
| Побарувања од вработените | 4 | 14 |
| Финансиски и пресметковни односи | 0 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 78 | 26 |
| Активни временски разграничувања | 38,034 | 38,312 |
| Залихи | 5,986 | 17,873 |
| Аванси, депозити и кауции за набавка на стока | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **246,771** | **205,463** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 29,151 | 24,905 |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 0 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 5 | 5 |
| **Вкупно постојани средства** | **29,156** | **24,910** |
| **Вкупна актива** | **275,927** | **230,373** |
| **Вонбилансна актива** | **10,537** | **13,230** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 0 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 39,028 | 28,398 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 147 | 127 |
| Краткорочни финансиски обврски | 183 | 263 |
| Обврски спрема државата и други институции | 127 | 119 |
| Финансиски и пресметковни односи | 2,455 | 92 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 238 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,944 | 3,065 |
| Пасивни временски разграничувања | 178,762 | 137,560 |
| **Вкупно тековни обврски** | **223,646** | **169,862** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | **5** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 52,281 | 60,506 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **52,281** | **60,506** |
| **Извори на други средства** | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **275,927** | **230,373** |
| **Вонбилансна пасива** | **10,537** | **13,230** |

**Републички завод за трансфузиологија**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 Денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **42,633** | **17,873** | **60,506** |
| **Зголемување по основ на:** | **9,271** | **114,688** | **123,959** |
| Набавки | 4,129 | 114,943 | **119,072** |
| Средства од донација | 4,400 | - | **4,400** |
| Отпис на обврски по Одлука на Управен одбор | 742 | - | **742** |
| Спроведени корекции по налог во текот на ревизија за 2005 година | - | (255) | **(255)** |
| **Намалување по основ на:** | **5,648** | **126,536** | **132,184** |
| Отпис на побарувања по Одлука на УО | 1,331 | - | **1,331** |
| Расход | 85 | - | **85** |
| Потрошок на останат капитал | - | 126,536 | **126,536** |
| Амортизација | 4,232 | - | **4,232** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **46,256** | **6,025** | **52,281** |